Врз основа на член 41 од Статутот на Македонската берза на хартии од вредност АД Скопје, Одборот на директори на продолжението на својата 42-та седница одржано на ден 20.03.2020 година донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за толкување на одредби од Правилата за тргување на Берзата**

1. Со овој Заклучок се врши толкување на членот 58-а ,став 1 од Правилата за тргување на Берзата, кој се однесува на времено прекинување на тргувањето поради вонредна осцилаторноста на пазарот и кој гласи:

   Ако вредноста на индексот МБИ10 падне или порасне за повеќе од 70% од максималната можна дневна промена на индексот во однос на неговата вредност на крајот од претходниот ден на тргување, имајќи ги предвид статичките лимити на цените на елементите на индексот пропишани во член 55 од овие Правила, Берзата ќе го прекине тргувањето на сите пазари на следниот начин:

   - доколку наведената состојба се случи до 11:45 часот, прекинот ќе трае 60 минути,
   - доколку наведената состојба се случи во или после 11:45 часот, прекинот ќе трае 30 минути.

2. Толкувањето на член 58-а став 1 од Правилата за тргување се прави со цел прецизирање на постапувањето на Берзата во последните 30 минути од денот на тргување во следнава насока:

   - Доколку наведената состојба на пад или пораст на индексот МБИ 10 согласно член 58-а, став 1 од Правилата се случи во последните 30 минути од тргувањето, не доаѓа до прекин на тргувањето.

3. Овој Заклучок стапува на сила на денот на неговото донесување и се доставува до Комисијата за хартии од вредност и за истиот се известуваат членките на Берзата и јавноста.

**Одбор на директори**

**Претседател**

**Коста Костовски**